МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
МАКЕД МЕД ПРЕГЛЕД ГОД 53: (SUPL. 39), СТР 1-370, 1999

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# XV КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА




Хотел "Десарет" - Охрид
6-10 октомври 1999

UKD: 61+061.231=866=20 | CODEN: MKMPA | ISSN 0025-1097

## ПРОФИЛ НА ЛИЧНОСТ ПРЕДИСПОНИРАНА КОН МАНИФЕСТИРАЊЕ НА BULIMIA, ANOREXIA И OBESITAS.

*В.Вујовиќ-Пановска, В.Мицев, В.Геразова-Пејоска, Е.Мицева, Т.Зорчец, Љ.Алексовска*
Психијатриска клиника, Клинички Центар- Скопје

**Цел на трудот** е проценка на специфичните структурелни карактеристики на личноста, кои се забележуваат кај одредени типови на пореметувања на исхраната.
**Материјал и методи:** Вклучени се 30 пациенти, со пореметување на исхрана, 10 со анорециа менталис; 10 со булимиа менталис; 10 со обеситас. Контролната група ја сочинуваат 30 пациенти, приближно соодветно по возраст, пол, социјален статус на експерименталната група. Испитувањата опфатија проценка на општите особености на личноста користејќи ги: MMPI (мултидимензионален инвентар на личноста), PIE (профил на индексот на емоции, кој на специфичен начин дава низа податоци за одредени основни црти на личноста и нејзините внатрешни конфликти). Проценката на особеностите на личноста врзани за исхранувањето се вршеше преку: EAT (Еатинг Аттитудес тест), EDI (Eating Disorder Inventary).
**Резултати:** Гојазните особи се попасивни и помалку самоуверени. Присутна е оралноста, екстровертноста и сензибилноста. Аноректичните субјекти покажуваат тенденција да бидат помалку задоволни, повеќе раздразливи и анксиозни. Имаат сигнификантно повисока анксиозност, соматизација и депресивност. Аноректичните покажуваат повисок скор на невротичност и понизок скор на екстровертност. Булимичните пациенти покажуваат симптоми на депресивност, ниско себевреднување, нарушено себедоживување, психолошка неадаптираност
**Заклучок:** Постојат специфични структурелни карактеристики на личноста, кои ја предиспонираат кон појава на одредени типови на пореметувања на исхранувањето.

## НЕВРОТИЧНИ РЕАКЦИИ КАЈ ГРУПА РАБОТНИЦИ ОД МАТЕРИЈАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО

*Г. Марков, М. Анакиевски, М. Иванов*
Медицински центар - Кочани

**Цел**: Последните неколку години во нашето општество се создадоа такви социјално-економски проблеми, поради кои работниот човек не можејќи да ги реши упаѓа во неуротска реакција. Со помош на Корнел индекс, нашата цел беше да ги откриеме тие реакции кај група работници од директното производство на Општина Кочани.
**Материјал и методи**: Со испитувањето беа опфатени 492 (100%) работници од сл. профили: металоглодачи, дреари, бравари монтери, транспортери и сл. Корнел Индексот содржи 110 прашања за кои постојат одговори; **точно и неточно**. Испитаникот треба да го заокружи одговорот во тек на 10-20 мин.
**Резултати:** Тестот кај 34 испитаника беше оценет како НЕВАЛИДЕН и исфрлен од понатамошна анализа. Кај останатите 458 анализата покажа дека кај 128 испитаници не постојат невротични реакции, а кај останатите 330 постојат такви реакции. Од невротските реакции 191 се на висок степен а 139 со умерена нервоза.
**Заклучок:** Споредувајќи ги нашите податоци со другите, објавени во литературата се заклучува дека: Невротичните реакции кај нашите работници од материјалното производство се многу побројни од оние кај европските земји. На мислење сме дека изложеноста на организмот на лоши (сурови) временски услови го забрзува процесот на стареење и ги зголемува штетните ефекти од слободните радикали.